**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 08 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 06.03.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ивона Муфишева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, објасни дека на 08-та седница, која се одржа на 03.03.2015 година, Записникот од 07-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2015 година, беше одложен. Во таа насока отвори дискусија по однос на Записникот.

Г-дин Фиданоски, имаше една забелешка. Имено во неговото обраќање, кое се наоѓа на страна 2 од Записникот, зборот „бело“ треба да се замени со „бегло“.

Советот на Агенцијата, со забелешката од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Записникот од 07-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.02-1588/15**
**12.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**